# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работењето на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Подготвен за собранието на Комората

24.02.2018

2017

Наративен дел од извештајот

2017 година беше одбележана со голем број актвности за комуникација со Министерствата, со меѓународната заедица,. Голем број CPD семинари за доедукација, со средби со претседателите на европските комори и размена на искуства, со Факултети и Универзитети, (УКИМ УКЛО, УГД, ДУТ, УАКС..) и со членството. Интензивирана е работата на професионалните одделенија. Направена е прослава на јубилејот и подготвена Монографија, брошури и флаери.

1. Број на активни членови во Комората во 2017 година




Во 2017 година бројот на активни членови се намалил за 182 члена, што се базира на истекот на членаринате. Истовремено, Министерството за транспорт и врски во текот на 2017 година, активно ги обновуваше лиценците на градежните фирми, при што голем број на инженери со истечени овластувања ги подмирија истечените членарини за да можат да ги обноват лиценците на фирмите каде работат. Во изминативе 12 месеци Министерството достави преку 600 дописи за проверка на податоците на преку 2500 архитекти и инженери од датабазата на Комората.

Бројот на активни членови по одделенија, заклучно со 31 декември 2017 е следен:




*Доколку инженер припаѓа на повеќе од едно одделение, броен е само еднаш во матичното одделение (во кое прв пат се пријавил за овластување.




Во текот на 2017 година Комората (ко) организираше вкупно 33 семинари за своето членство. На семинарите имаше околу 2700 посети од членови од сите одделенија на Комората.




Одржани семинари за континуиран професионален развој во 2017 година

| рб | Дата на одржување | Одделение | Име на настанот | # Посети |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 27 јануари 2017 | Геотехника | Грешки од геотехника и фундирање, Божидар Миљовски | 90 |
| 2 | 1 март 2017 | Архитектура | Градови за луѓе, Јан Гел | 200 |
| 3 | 2 март 2017 | Архитектура | Коси наспроти рамни покриви и иновативен материјал од глина | 35 |
| 4 | 15 март 2017 | Електротехника | Системи за заштита и рано алармирање | 80 |
| 5 | 16 март 2017 | Градежништво | Грешки во мостови и конструкции, Божидар Миљовски | 85 |
| 6 | 29 март 2017 | Животна средина | Проектирање на Еко хотели | 47 |
| 7 | 19 април 2017 | Машинство | Хармонизација на законската регулатива во гасната техника | 60 |
| 8 | 21 април | Геотехника | Техники за длабоко и плитко подобрување на почви. | 50 |
| 9 | 26 април | Градежништво | Проектирање на тунели | 50 |
| 10 | 15 мај 2017 | Енергетска ефикасност | Вентилирани фасадни системи | 80 |
| 11 | 23 мај 2017 | Електротехника | Автоматизација на деловни и станбени згради | 80 |
| 12 | 31 мај 2017 | ЗПР / ППЗ | Заштита при работа и заштита на животна средина при изградба на тунели | 40 |
| 13 | 6 јуни 2017 | Машинство | Чисти соби за тестирање и класификација за ИСО и ГМП обука | 60 |
| 14 | 21 јуни 2017 | Градежништво | Што уредува новиот Закон за градежни производи | 50 |
| 15 | 22 јуни 2017 | Архитектура | Употреба на тули во архитектурата и други архитектонски трендови | 200 |
| 16 | 23 јуни 2017 | Архитектура | Системски решенија во архитектурата | 60 |
| 17 | 26 јуни 2017 | Геотехника | Предавање од областа на геотехника | 40 |
| 18 | 15 септември 2017 | КОАИ | Вредност на инженерските услуги | 75 |
| 19 | 18 септември 2017 | Архитектура | Промоција на Каталог за топлински мостови во сеизмички подрачја | 80 |
| 20 | 19 септември 2017 | КОАИ | Работилница за реформа на група закони кои го уредуваат планирањето и просторот | 65 |
| 21 | 21 септември 2017 | Електротехника | Комуникациски инсталации | 80 |
| 22 | 22 септември 2017 | Животна средина | Проектирање на еко-хотели | 40 |
| 23 | 25 септември 2017 | ППЗ/ЗПР | Правилник за мерките за заштита од пожар | 70 |
| 24 | 26 септември 2017 | Градежништво | Правилник за мерките за заштита од пожар | 65 |
| 25 | 04 октомври 2017 | Градежништво | 17-ти меѓународен симпозиум на ДГКМ | 80 |
| 26 | 18 октомври 2017 | КОАИ | Признавање на инженерски квалификации | 120 |
| 27 | 21 октомври 2017 | КОАИ | Годишно собрание на ЕЦЕЦ | 70 |
| 28 | 26 октомври 2017 | Електротехника | Нови технологии и интеграција на безбедносните и сигурносните системи | 80 |
| 29 | 14 ноември 2017 | КОАИ | Промоција на Каталог на топлински мостови | 60 |
| 30 | 17 ноември 2017 | Сообраќај | Заштитна ограда – Европски стандард EN | 40 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 31 | 5 декември 2017 | КОАИ | Менаџмент во инженерство и менаџирање на европски фондови | 70 |
| 32 | 7 декември 2017 | Сообраќај | Проектирање на кружни раскрсници | 50 |
| 33 | 15 декември 2017 | Геотехника | Носивост на темелни конструкции во специфични геотехнички услови | 35 |
| | | | **Вкупно за 2017 година** | **2567** |

Во текот на 2016 година, Управниот одбор на Комората одржа 16 состаноци. Комисиите за издавање на овластувања од сите 12 одделенија се состанале вкупно 86 пати и издале вкупно 800 овластувања. Ова вклучува нови типови на овластувања за постојните членови, како и овластувања за целосно нови членови.

2. **Финансиски гледано,** а согласно приложениот (засебен) финансиски извештај и завршна сметка за 2017, Комората има успешна финансиска година на работење со остварена вкупен приход од 21.868.640 **и вкупен расход од** 17.247.945 денари.




3.Тековно работење во 2017

Во текот на 2017 година, Комората продолжи со **ја дигитализација на целата хартиена архива**. Дигитализирани беа сите инженерски предмети, односно над 200.000 страни хартиен материјал. Склучен е договор за хостирање на овој дигитален материјал на надворешен сервер на сигурносна локација, а електронски пристап до материјалот имаат сите вработени во Комората. На ваков начин се поедноставуваат постапките за пребарување и референцирање на инженерските документи од службите на Комората, а истовремено се отвора можност за градење на нови електронски / дигитални функционалности кои евентуално би можеле во иднина да ги понудиме на нашите членови преку нашата веб страна.

Во текот на 2017 година, Министерството за транспорт и врски продолжи **со проверка на податоците на Комората** околу нашето активно членство. Од службите на Комората беше одговорено на над 600 доставени дописи од министерството, за проверка на над 1800 членови на Комората, а во врска со нивното членство во Комората и типовите на овластувања кои ги поседуваат.

Сите активни инженери со подмирена членарина се **осигурани од професионална одговорност**, а финаниските трошоци за годишните осигурителни премии ги подмирува Комората.

Комората продолжи со издавање на сертификати со (CPD – Continued Professional Development) поени за посетените предавања и обуки организирани од Комората, а согласно насоките од Европската Асоцијација на Комори. (ECEC)

Комората активно **соработуваше со инженерските асоцијации** и здуженија од Македонија, како со финансиско и/или оперативно помагање на нивните активности, така и со заеднички активности), Здружението Македонскиот комитет за големи брани (ЗМКГБ), Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Инженерска Институција на Македонија, Друштвото за патишта на Република Македонија (ДПМ), Здружение за електротехника, симпозиумот на СКЕЕОП, Друштвото на градежни онструктори (ДТКМ) итн.

Комората врз база на потпишаниот меморандум за соработка, продолжи како соорганизатор на манифестацијата **„Инженерски прстен“,** и во 2017 година заедно со Инженерската Институција на Македонија. Изготвен е правилник со критериуми за избор на добитниците на прстенот претходно номинирани од соодветните факултети. Од неговото воспоставување до денес инженерскиот прстен го врачува Претседателот на Република Македонија.

Во рамките на зајакнување на меѓународните активности на комората, преземено е активно учество во Европски совет на инженерски комори (ECEC), Инженерска иницијатива за регионална соработка (ИИРС), а продолжуваме со активностите во рамките на Светската федерација на инженерски организации (WFEO).

Во 2017 Комората беше домаќина на срдба на ИИРС во Скопје, домаќи на средба на ECEC во Мериот Скопје, Учествуваше н во завршни активности на меѓународниот проект за признавање на професионалните квалификации на инженерите, и на Годишното собрание на WFEO во Рим каде се избираше нов преседател на WFEO

Дисциплинската комисија и второстепенат акомисија за жалби функционираат регуларно и навремено а одлуките се објавуваат на WWW.комораоаи.мк. Вклучително со новоотворените предмети од 2017, Комората води неколку судско/извршни постапки пред надлежните судски органи, за предмети од различна природа (граѓански, управни, извршни).

**Списанието „Пресинг“** во 2017 продолжи со својата улога на информативно стручно списание од инженерските струки, а од 1.01.2018 е со нов уредувачки одбор.

**Прослава**

Во 2016 година, на денот на комората 18. Декември, по предлог на професионалните одделенија беа доделени традиционалните **награди** од областа на градежништвото, архитектурата, електроинженерството и машинството. Настанот се одржа во хотелот Александар Палас -Скопје во свечена атмосфера проследена со пригоден коктел со жива музика.

Почесни гости на настанот беа Министерот без ресор задолжен за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија проф. д-р Зоран Шапуриќ, министерот за економија г-дин Крешник Бектеши, ректорот на Универзитетот Свети Кирил и Методиј проф. д-р Никола Јанкуловски, проф. д-р Дарко Мославац, декан на градежниот факултет при УКИМ, проф. д-р Огнен Марина, декан на архитектонскиот факултет при УКИМ, проф Дарко Данев, декан на машинскиот факултет при УКИМ, проф. д-р Стојанче Нусев декан на техничкиот Факултет Битола при УКЛО, Претседателот на Комората на инженери во

инвестиционото проектирање на Република Бугарија, д-р Иван Карелеев, членовите на иницијативниот одбор за основање на Комората: д-р Гајур Кадриу претседател на иницијативниот одбор, проф. Миле Станковски, проф. Санде Атанасовски, г-дин Томе Тромбев, г-дин Салим Хасани, г-дин Драган Стојановски, проф д-р Горан Марковски - прв претседавач на Собранието на Комората, , проф д-р Страхиња Трпевски прв претседател на Управниот одбор на Комората, м-р Блашко Димитров претседател на Комората во периодот 2012 до 2016, архитект Реџеп Асани претседавач на Собранието на комората за 2012-2016. На прославата присуствуваа присуствуваа околу 200 гости меѓу кои членови на раководни тела и комисии во Комората, претставници на градежните компании, државни и образовни институции.
Телеграми со честитки за годишницата на Комората упатија Претседателот на Европскиот совет на инженерски Комори (ECEC) Чртомир Ремец, поранешниот претседател на Светската федерација на инженеркси асоцијации (WFEO) Марван Абделхамид, како и претседателите на Инженерската Комора на Србија и инженерската Комора на Црна гора

**Воведни обраќања** на прославата имаа Претседавачот на Собранието на комората, проф. д-р Миле Станковски, Претседателот на комората проф. д-р Миле Димитровски и министерот проф. д-р Зоран Шапуриќ.

**Активности на стручната служба во Комората 2017 година***

На барање од Управниот одбор на Комората, за седницата на Собранието на Комората на 24 февруари 2018, изработена е **Анализа на работата на службата во 2017 со осврт од 2012 до 2017.**

Бројот на вработените во Комората е непроменет од 2012 година. Воедно, изминативе 5 години бројот на активни членови на Комората и финансиските приливи се значително зголемени, а постои и значително зголемување и на сите останати административни задачи за вработените во Комората.

| | Ставка | 2012 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на активни членови | 1968 | 2567 | 3152 | 2968 |
| 2 | Финансиски приходи | 18.305.594 ден | 25.178.371 ден | 27.800.745 ден | 21.868.640 ден |
| 3 | Самостојно организирани семинари од КОАИ | ~3-4 семинари со 200 посети | 16 семинари со 1710 посети | 11 семинари со 1079 посети | 33 семинари со 2567 посети |
| 4 | Проверки од министерство (писма) | ~5-6 писма за проверка на 15тина инженери | 50 писма за проверка на 150тина инженери | Над 500 писма за проверки на над 1500 инженери | Над 600 писма за проверки на повеќе од 1800 инженери |
| 5 | Број на годишни одделенски состаноци | ~5-6 | 10 | ~20 | 25 |
| 6 | Печатење на овластувања од службите во Комората (нови и продолжени) | До крајот на 2016 година, овластувањата се печатеа од надворешна печатница (по цена од 3 Евра/овластување) | | | ~2500 по цена од 0,3 Евра |
| 7 | CPD сертификати за посетители на семинари | 0 | ~1000 | ~1000 | ~2500 |
| 8 | Број на измени на веб страната на Комората + инфо на социјални мрежи | 10тина измени годишно | 50тина измени годишно | 100тина измени годишно + активирање на социјални мрежи | 100тина измени годишно + социјални мрежи |
| 9 | Број на активни судски постапки (управни, граѓански, извршни) | ~1-2 | 5-6 | ~8-10 | ~ 8- 10 |
| 10 | Број на дисциплински и второстепени постапки | ~1-2 | 3-4 | 5 | 7 |
| 11 | Надомест за патни трошоци за | | | | Околу 500 исплати годишно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | посетители на семинари | До крајот на 2016 година, не се исплаќаа патни трошоци (автобус, воз) за посета на семинари за инженери кои доаѓаат од градови различни од градот каде се одржува семинарот (сега се исплаќаат) | | |
| 13 | Останати административни промени | Прогресивно професионализирање на Комората со бројни софтверски измени и подобрувања, подобрување на администра-тивните процедури, ахивата, веб страната итн. | Дигитализација на целата архива од над 200.000 страни. Менаџирање на сопствен деловен простор. | Нови ISO 9001 процедури. |
| 14 | CPD | - | - | Хостирање на 33 ЦПД семинари кое вклучува пред-организација, организација, коктел, фотографии, активности после собирот, објавување на WWW, изработка и издавање на сертификатите |

Графички приказ на активностите споредбено за 2012/2013 до 2016/2017 година




Зголемениот ангажман на службите во Комората придонесе за севкупниот раст на Комората како институција, а внесе и заштеда во однос на одредени претходни трошоци (ставка 6 и слично). Истовремено, изминативе 4 години преку работата на службите на Комората значително го зголемуваа оперативниот буџет преку наплата на долгови, што придонесе за голем финансиски раст на институцијата (буџетски раст од 20-50% годишно).

Една од главните активности на службите на Комората во 2018 година ќе биде имплементирање на системската/датабазна интеграција на компјутерскиот систем на комората со компјутерскиот систем на ЗЕЛС, со што ќе се оневозможи инженери кои не се активни членови на Комората да поднесуваат проектна документација при аплицирање за одобренија за градење. Оваа системска измена, која е технички и финасиски завршена и чека финално одобрение од надлежните државни органи, би требало да придонесе и за зголемување на бројот на активни членови во Комората, и вкупниот однос на членовите кон користењето на овластувањата.

Извештајот за активности на стручната служба во Комората го подготви:
Димче Атанасовски, генерален секретар на Комората

Претседател на КОАИ
Проф.д-р Миле Димитровски

Работни тела за работа на реформа на Законодавството, за поеднини одделенија што се кординираат од членови на коморското работно тело К

**К-Работно тело на комората**
Координатор. **Проф д-р Миле Димитровски,** (правна подршка Димче Атанасовски и техничка подршка Игор Панчевски и сите администратори на профес.оделенија)
Членови: Петар Цветановски, Реџеп Асани, Жаклина Ангеловска,Чедомир Андовски

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работно тело: **К0-урбанизам и просторно планирање** | | | | |
| | Членови од оделението | Од други оделенија | Надворешни соработници | администратор |
| Координатор: Жаклина Ангеловска | Влатко Коробар | Јован Христовски - сооб | Весна Марковска - МТВ | Славица Спасовска |
| | Мила Искреновиќ | Ванчо Георгиев ГЕОД | Снежана Герасимовска МКулт | |
| | Дурим Фетаху | | | |
| | Мирослав Грчев | | | |
| Работно тело: **К1-архитектура** | | | | |
| Координатор Реџеп Асани | Сашо Блажевски | | Гајур Кадриу, Македонијапат | Оливија Доневска |
| | Никола Велковски | | Ана Ѓорѓииеска МТВ | |
| | Веселинка Герасимовска | | | |
| | Благоја Цветковски | | | |
| | Сашо Иванов | | | |
| Работно тело: **К2-градежништво** | | | | |
| Координатор: Проф. Петар Цветановски | Игор Никодиновски | Милорад Јовановски ГЕОТ | Салим Хасани (КСЗМ) | Флутура Хазари |
| | Андреа Серафимовски | | | |
| | Зоран Мирчевски | | | |
| | Ана Тромбева | | | |
| Работно тело: **К3-други струки поврзани со градителското законодавство** | | | | |
| Координатор: Чедомир Андовски | Димче Галовски МАШ | | | Леонита Чаловска |
| | Ванчо Донев ЗПР/ППЗ | | | |
| | Беким Фетаји ЖС | | | |
| | Даме Димитровски ЕЕ | | | |
| | Андон Петровски СООБ | | | |
| | Слободан Томиќ ЕЛЕ | | | |
| | Фросина Сеизова ЕЛЕ | | | |